MCASH СВЕЖ КЕШ

www.mcash.mk

02 51 15 000

# 7 корисни совети за брзи кредити

## ПРИРАЧНИК ЗА РАЗУМЕН КРЕДИТОБАРАТЕЛ

Кредит до плата е вид на кредит кој се издава во мали износи на пари што ги даваат финансиски друштва за многу краток временски период, а понекогаш дури и за неколку часа. Аплицирањето е многу лесно и вообичаено се врши само со лична карта/пасош. Овие кредити најчесто се користат за покривање на итни и неодложни трошоци.



**Неколку корисни совети кои треба да ги следите при аплицирање за брз кредит:**

# Внимателно одберете го финанискотo друштво каде ќе аплицирате за брз кредит!

1

Прашајте ги роднините и пријателите кои веќе земале брзи кредити. Пребарувајте на интернет за финансиски друштва кои се активни на јавниот простор и за кои информациите се лесно достапни и транспарентни. Избегнувајте мали и анонимни бизниси без историја за кој никогаш не сте слушнале и работат само локално.
Откако ќе се одлучите за финансиското друштво, проверете дали е лиценцирано.



# 2 Споредете ги понудите на неколку финансиски друштва пред да донесете одлука!

Побарајте понуди на кредит за ист износ и рок на отплата во неколку финансиски друштва . Сите финансиски друштва се обврзани да обезбедат стандардизиран документ кој се користи за да се обезбеди транспарентност и јасност во финансиските информации, кој ќе ви помогне да ги споредите условите и да го изберете најсоодветниот кредит за вас. Најважните елементи во него се:

**износ и број на рати за отплата**

**вкупен износ на отплата** – збир на сите рати за периодот за кој го земате кредитот. Колку е помал вкупниот износ што треба да се врати, толку е поповолен понудениот кредит.

**Стапка на вкупни трошоци –** СВТ се вкупните трошоци на кредитот,доколку е применливо, изразени како годишен процент од вкупниот износ на кредитот подетално утврдено со Законот за заштита на потрошувачите при договорите за потрошувачки кредити и другите применливи прописи. Преку овој индикатор, можете да ги споредите цените на различни кредити. Колку е помал СВТ, толку е попрофитабилен кредитот

# Внимателно анализирајте ја висината на ратата што можете да си ја дозволите!

3

Најлесен начин да процените дали можете удобно да ги плаќате ратите од кредиот е да ја направите следната пресметка:

Приходи што ги добивате – Трошоци што ги правите = Салдо

## Пример:

Земаш плата од 500 евра месечно, имаш трошоци за храна, сметки, превоз и друго во износ од 300 евра. Износот кој Ви останува е 200 евра, така што износ помал од 200 евра нема значајно да влијае врз Вашиот буџет.



# 4 Побарајте ги сите документи од кредитниот консултант, кој е должен е да ви ги обезбеди и даде!

Документите кои кредиторот е должен да Ви ги достави се:




- Договор за кредит и амортизационен план за отплата
- Преддоговорни информации за кредитот.
- Општи услови на договорот
- Документ за обработка и чување на лични податоци
- Документ за обработка лични податоци во маркетиншки цели

# Прочитајте ја внимателно содржината на сите документи пред да ги потпишете!

**Внимателно прочитајте ги сите документи пред да потпишете!**



# 6 Немој да доцниш со исплатата на кредитот! Разговарај за сите прашања со твојот кредитен консултант!

Кога ги плаќате ратите навреме, градите доверба кај кредиторот и ја зголемувате можноста при следното аплицирање да Ви биде одобрен повисок износ на кредит. Со навремено плаќање на ратите, ја одржувате Вашата кредитна историја чиста.



## Доколку не навремено го отплаќате кредитот, можете да бидете евидентирани во МКБ во категорија на клиент со лоша кредитна историја.

Македонско кредитно биро АД Скопје (МКБ) е првото и единствено кредитно биро во Република Македонија. Основано е на 24.12.2008 година во Скопје, врз основа на Закон за кредитно биро („Сл. весник на РМ“ бр.81/08, 24/11, 199/14, 192/15 и 83/18), како акционерско друштво во сопственост на банките, од страна на Клириншката куќа Клириншки интербанкарски системи АД Скопје (КИБС АД Скопје).

МКБ управува со единствениот систем во Македонија кој врши собирање, обработување и размена на податоци за финансиските обврски на правните и физичките лица со цел да дава информации за задолженоста и редовноста во измирувањето на финансиските обврски.

МКБ располага со најголемата и дневно ажурна база на податоци, која ја користат банки, финансиски друштва, штедилници, друштва за финансиски лизинг, други даватели на кредити, Управата за јавни приходи, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија, градот Скопје и единици на локалната самоуправа, давателите на услуги од областа на комуналните дејности, енергетиката и телекомуникациите, други правни лица кои даваат услуги по основ на кои настануваат финансиски обврски за правните и физичките лица, како и физички лица кои не се сметаат за трговци согласно Законот за трговски друштва.

Во МКБ се доставуваат податоци за обврски по кредити, гаранции, акредитиви, платежни картички, финансиски лизинг, осигурување, обврски по основ на даноци, обврски за телекомуникациски услуги, обврски за услуги од областа на енергетиката, комунални давачки, такси, придонеси, како и обврски по основ на користење на други услуги.



МКБ обезбедува единствена можност правните лица да ја зголемат наплатата на своите побарувања. Преку посебна електронска платформа тие можат да ги пријават своите побарувања и должници и да ги почувствуваат придобивките од единствената таква услуга во Македонија.

Македонското кредитно биро на компаниите им нуди можност да добијат целосни и точни информации за вкупните финансиски обврски и други финансиски показатели за нивните сегашни или идни деловни партнери.

Ненавременото плаќање на долгот (ратите) создава последици како:

1. **Камати и казни:** Зголемување на вкупниот износ што треба да се плати.
2. **Влошување на кредитниот рејтинг:** Се отежнува добивањето на идни кредити.
3. **Влијае врз финансиската репутација** и способноста за ангажирање услуги.
4. **Можна заплена врз имот,** блокада на сметка кај носител на платен промет и слично.
5. **Влијание врз менталното здравје:** Стрес и анксиозност поради акумулираниот долг.
6. **Лични односи:** Напнатост со семејството или пријателите кои ви позајмиле пари.
7. **Дополнителни трошоци:** Правни и административни трошоци.
8. **Ограничување** за одобрување на кредитни картички, хипотеки итн.

Од суштинско значење е да се даде приоритет на исполнувањето на финансиските обврски и да се бараат решенија за исплата на неплатените долгови, со што ќе се избегнат негативните последици поврзани со неплаќањето.

# Секогаш контактирајте со вашиот кредитен консултант ако се плашите дека вашите права како кредитобарател се повредени!

Ако имате проблеми со плаќањето, првото нешто што треба да направите е да го повикате вашиот кредитен консултант и да ја објасните ситуацијата. Заедно ќе најдете решение за отплата на кредитот.



CASH

СВЕЖ КЕШ



**www.mcash.mk**

# 02 51 15 000